РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

(Пречистениот текст е изработен врз основа на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации бр.01-283/1 од 19.08.2016 година и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации бр.01-283/7 од 29.09.2016 година, 01-70/2 од 31.01.2018 година, бр.01-188/1 од 20.03.2018 година, бр.01-188/1 од 20.03.2018 година, бр.01-188/4 од 16.05.2018 година, бр.01-186/2 од 13.03.2019 година, бр.01-186/6 од 22.04.2019 година, бр.04-186/12 од 18.07.2019 година, бр.01-186/16 од 06.12.2019 година, бр.01-294/3 од 09.12.2020 година, бр.01-8/1 од 05-01/2021 година, бр.01-559/1 од 28.05.2021 година, бр.01-311/1 од 08.04.2022 година, бр.01-631/1 од 31.08.2022 година и бр. 01-835/1 од 09.11.2022 година.

Скопје, Февруари, 2023 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за безбедност на
класифицирани информации

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
DREJTORIA PËR SIGURI TË INFORMATAVE TË KLASIFIKUARA
Бр.-Nr. 01-98/1
16. 02. 2023 год.-viti
Скопје-Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

ПРАВИЛНИК

ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ С К О П Ј Е

(пречистен текст)

Скопје, Февруари, 2023 година

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00; 44/02; 82/08; 167/10; 51/11; и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14; 199/14; 27/16; 35/18; и 198/18;), в.д. директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе

ПРАВИЛНИК

за систематизација на работите места на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

(пречистен текст)

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува вкупниот број на вработените административни службеници во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (во понатамошниот текст „Дирекција", распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови за извршување на работите и работните задачи на одделните работни места.

Член 2

Работите и работните задачи што се вршат во Дирекцијата се определуваат согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување,

Член 3

Работите и работните задачи утврдени со овој Правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Дирекцијата.

Член 4

Табеларниот преглед на работните места во Дирекцијата кој содржи: реден број, шифра, звање и/или назив на работното место, како и бројот на извршители е даден во прилог 1 на овој Правилник и е негов составен дел.

II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 5

Со овој Правилник се утврдени и опишани вкупно 54 (педесет и четири) работни места на административни (државни службеници), распоредени по организациони единици, од кои се пополнети 37 работни места, а се распоредени на следниов начин:

ниво	Систематизирни работни места	Пополнети работни места
Б 02	3	2
Б 03		
Б 04	12	6
В 01	13	7
В 02		
В 03		
В 04	14	11
Г 01	10	10
Г 02		
Г 03		
Г 04	2	1

Член 6

Општите услови утврдени со Законот за административните службеници се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 7

(1) Посебните услови утврдени со Законот за административните службеници за раководните административни службеници од категоријата Б се:

- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен Vll/l степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство и тоа:

- за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,

- за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,

- за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административно управување (кај сите нивоа од категорија – Б).

(2) Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување.

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

Стручни квалификации и тоа:

- за нивото В 1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/ 1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/l степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

Работно искуство и тоа:

- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото В3 најмалку една година работно искуство во струката или
- за нивото В4 со или без работно искуство во струката;

(2) Потребни општи работни компетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни и
- финансиско управување.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации VA или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство и тоа:
- за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото ГЗ најмалку една години работно искуство во струката или
- за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;

(3) Потребни општи работни комепетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување

Член 10

Доказите за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, соодветни на нивото на работното место на кое бил распореден административниот службеник/државен службеник, со донесување на овој Правилник задолжително треба да се достават до раководното лице во институцијата во рок од една година од денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија.

Член 11

II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, мегународна соработка и за инспекциски надзор	
Реден број	1.
Шифра	УПР 01 01 Б02 000
Ниво	Б2, Раководен – II ниво
Звање	Раководител на Сектор
Назив на работното место	Раководител на Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, мегународна соработка и за инспекциски надзор
Број на извршители	1
Одговара пред	Директорот
Вид на образование	(правни науки, науки за книжевноста и политички науки);
Други посебни услови	- поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО"; - најмалку три години искуство во областа на безбедноста на класифицирани информации;
Работни цели:	Раководење со работата на Секторот, организирање и координирање на работите и задачите од областа на општото, нормативно-правното работење на Дирекцијата, обезбедувањето на поддршка на работата на директорот, остварувањето на меѓународна соработка на Дирекцијата со други држави, странски органи и организации и спроведување на суштествената функција на Дирекцијата вршење надзор над примена на Законот за класифицирани информации, и другите закони и прописи што содржат одредби за заштита на класифицирани информации.
Работни задачи:	- раководи и ја организира, насочува и координира работата во секторот и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и ги распоредува работите и работните задачи на раководителите на одделенијата,

	- учествува во изготвувањето на планови и програми за членство на Република Северна Македонија во меѓународни организации во согласност со утврдената политика за заштита на класифицирани информации и мегународните страндарди; - учествува во планирањето и остварувањето на мегународната соработка на Дирекцијата со други држави, странски органи и организации; - покренува иницијативи за склучување на меѓународни договори од областа на размената на класифицирани информации; - ги координира активностите поврзани со вршењето на инспекцискиот надзор над примената на Законот за класифицирани информации; - изготвува предлог-програма за работата на Секторот, поднесува извештај за реализација на програмата за работа на Секторот и ја оценува работата на вработените во Секторот - врши анализа, оценување и проценување на прашањата и проблемите кои се појавуваат во Секторот и предлага мерки за подобрување на истата. - Остварува редовни контакти со раководителите на секторите и одделенијата, разменувајки со нив информации за работата; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае“,

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, мегународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за општи и нормативно-правни работи	
Реден број	2.
Шифра	УПР 0101 Б04 000
Ниво	Б4, Раководен - IV ниво
Звање	Раководител на Одделение
Назив на работното место	Раководител на Одделение за општи и нормативно - правни работи

Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководител на Секторот за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, мегународна соработка и за инспекциски надзор
Вид на образование	(правни науки)
Други посебни услови	Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО";
Работни цели:	Раководење со работата на Одделението, организирање и координирање на работите и задачите на Одделението, законито, навремено и квалитетно извршување на работите, следење на законските прописи и другите општи акти како од областа на безбедноста на класифицираните информаци и други области неопходни за непречено работење на Дирекцијата, подготовка на пишани упатства и инструкции, стандардизирани постапки и прирачници за вршење на работите.
Работни задачи:	- раководи и ја организира, насочува и координира работата во Одделението и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - изготвува предлог-програма за работата на Одделението, поднесува извештај за реализација на програмата за работа на Одделението и ја оценува работата на државните службеници во Одделението; - врши анализа, оценување проценување на прашањата и проблемите кои се појавуваат во Одделението и предлага мерки за подобрување на работата; - води постапки и донесува решенија за преземање мерки за утврдени неправилности, недостатоци и пропусти во спроведувањето на прописите за работа со класифицирани информации; - учествува во планирањето и остварувањето на мегународната соработка на Дирекцијата со странски органи и организации; - остварува редовни контакти со раководителите на Секторите и Одделенијата,

	разменувајки со нив информации за работата; - дава стручна и експертска помош во работата на инспекторите за класифицирани информации; - исполнува работи и работни задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - се грижи за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во Одделението; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања.

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за општи и нормативно правни работи	
Реден број	4.
Шифра	УПР 01 01 В04 000
Ниво	В4, Стручен - IV ниво
Звање	Помлад соработник
Назив на работното место	Помлад соработник за општи и нормативно-правни работи
Број на извршители	1.
Вид на образование	(правни науки, економски науки и политички науки)
Одговара пред:	Раководителот на Одделението за општи и нормативно правни работи
Други посебни услови	Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО"
Работни цели:	Вршење на наједноставни рутински работи и задачи како поддршка на одредени функции од делокругот на Одделението, во согласност со општите упатства на раководителот и под негов надзор, а во врска со законито, навремено и квалитетно извршување на работите, следење на законските прописи и другите општи акти од соодветната област.

Работни задачи:	- континуирано ги следи прописите во врска со уредувањето на прашањата од областа во којашто работи; -извршува работни задачи во спроведувањето на програмата за работа на Одделението; - за својата работа одговара непосредно пред раководителот на Одделението, соработува со останатите извршители во Одделението; - дава месечен и седмичен извештај за вршењето на неговата работа. - исполнува работи и работни задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања;

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, мегународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за општи и нормативно правни работи	
Реден број	5.
Шифра	УПР 01 01 Г04 000
Ниво	Г4, Помошно-стручен IV ниво
Звање	Помлад референт
Назив на работното место	Помлад референт за општи работи
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на Одделението за општи и нормативно правни работи
Вид на образование	Вишо/средно образование (гимназија, економија, право или електротехника)
Други посебни услови	Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО"
Работни цели:	Помага во изготвување на акти од областа на општите работи
Работни задачи:	- помага во собирањето и средувањето на материјали, документи и податоци;

	-помага во евидентирање на документацијата за следење на реализација на договорите; - врши ограничени работи и задачи во врска со подготвувањето и обработката на податоци од превземените активности на Одделението, заради потребата од нивно доставување до други органи, институции и субјекти; - помага во прибирање и средување на добиените податоци по организациони единици - помага во изработка на табеларните прегледи, обработките на податоци, анализи и пополнување на истите; -помага во изработување на дописи и други акти, пополнува обрасци, налози и слично; - ги скенира службените весници и другите документи и ги испраќа електронски до организационите единици во Дирекцијата; - врши фотокопирање на материјали по налог на непосредниот раководител; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за општи и нормативно правни работи	
Реден број	6.
Шифра	УПР 0101 Г01 000
Ниво	Г1, Помошно-стручен I ниво
Звање	Самостоен референт
Назив на работното место	Самостоен референт - архивар
Број на извршители	3.
Одговара пред:	Раководителот на Одделението за општи и нормативно правни работи

Вид на образование	Вишо/средно образование (гимназија, економија или електротехника)
Други посебни услови	Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО";
Работни цели:	Вршење едноставни работи и задачи што произлегуваат од прописите за архивското и канцеларското работење во однос на прием, евиденција, распоредување, умножување, чување и архивирање на предметите.
Работни задачи:	- врши прием и евиденција на документиран материјал и класифицирани информации; - ги следи и применува прописите од областа на канцелариското работење; - ракува со печатите и штембилите на Дирекцијата, по овластување на директорот; - врши умножување и примопредавање на документација; - води евиденција и се грижи за безбедно чување на актите; - ја води и средува документација од архивата; - води сметка за правилно архивирање на предметите; - ги разведува и архивира завршените предмети; - учествува во работата на Комисијата за ништење на документарен материјал по истекот на утврдените рокови за негово чување. - исполнува работи и работни задачи со класифицирани информации согласно принципот „Потребно е да знае" - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања.

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за меѓународна соработка	
Реден број	7.
Шифра	УПР 0101 Б04 000
Ниво	Б4, Раководен IV ниво
Звање	Раководител на одделение
Назив на работното место	Раководител на Одделение за меѓународна соработка
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на Секторот за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор
Вид на образование	(политички науки, науки за книжевност и правни науки)
Други посебни услови	- поседување национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО";
Работни цели:	Раководење со работата на одделението, организирање и координирање на работите и задачите на Одделението, изработување планови и програми за соработка со странските држави и меѓународни организации, имплементирање на таквите планови и програми, иницирање и реализација на активностите и настаните од доменот на меѓународната соработка
Работни задачи:	- раководи, ја организира, насочува и координира работата во Одделението; - врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и ги распоредува работите и работните задачи на извршителите во Одделението; -учествува во работни тела на меѓуинституционална соработка во рамките на надлежностите на Дирекцијата и изготвува извештаи и службени белешки; - учествува во подготвување и изготвување материјали за седници на Владата, нејзините работни тела и другите

	државни органи, во доменот на планирањето и остварувањето на меѓународната соработка на Дирекцијата со странски органи и организации; - ја организира комуникацијата и службената преписка со домашните и меѓународните организации и институции за потребите на директорот од доменот на меѓународната соработка; - предлага мерки за унапредување на имплементацијата на плановите и програмите за соработка со странските држави и меѓународните организации; - учествува во планирањето и подготовката на плановите и програмите за соработка со странски држави и меѓународни организации, иницира и учествува во реализацијата на активности и настани од доменот на меѓународните соработка; - изготвува предлог-програма за работата на Одделението, поднесува извештај за реализација на програмата за работа на одделението и ја оценува работата на административните службеници во одделението; - врши анализа, оценување и проценување на прашањата и проблемите што се појавуваат во Одделението и предлага мерки за подобрување на работата; - се грижи за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во Одделението; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговора во рамките на своите овластувања.

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за меѓународна соработка	
Реден број	8.
Шифра	УПР 0101 В04 000
Ниво	В4, Стручен соработник IV ниво
Звање	Помлад соработник
Назив на работното место	Помлад соработник за соработка со странски држави на билатерално ниво

Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на Одделението меѓународна соработка
Вид на образование	(правни науки, науки за книжевност и безбедност)
Други посебни услови	Поседување национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО";
Работни цели:	Вршење наједноставни рутински работи од делокругот на работите задачи на одделението, учество во активности и настани од доменот на соработката со странски држави на билатерално ниво и во други активности на Дирекцијата во доменот на меѓународната соработка
Работни задачи:	- учествува во комуникацијата со државни органи, институции и други правни лица од странски држави со цел договорање и координација на активности за соработка на билатерално ниво; - учествува во комуникацијата со државни органи, институции и други правни лица од земјата и од странство со цел координација и организирање студиски патувања и обуки; - учествува во подготовката на плановите и програмите за соработка со странски држави на билатерално ниво; - учествува во организацијата на меѓународни настани; - учествува во реализацијата на активности и настани од доменот на меѓународна соработка; - подготвува писма, записници и белешки од состаноците на Дирекцијата од доменот на соработката со странски држави на билатерално ниво; - извршува работни задачи во планирањето, организацијата и спроведувањето на програмата за работа на Одделението; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговора непосредно пред раководителот на Одделението и за својата работа одговора во рамките на своите овластувања.

Сектор за општи и правни работи, поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за меѓународна соработка	
Реден број	9.
Шифра	УПР 0101 В04 000
Ниво	В4, Стручен соработник IV ниво
Звање	Помлад соработник
Назив на работното место	Помлад соработник за соработка со меѓународни институции
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на Одделението за меѓународна соработка
Вид на образование	(правни науки, одбрана и политички науки)
Други посебни услови	Поседување национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО";
Работни цели:	Вршење наједноставни рутински работи од делокругот на работните задачи на Одделението, учество во активности и настани од доменот на соработката со меѓународни организации и во други активности на Дирекцијата во доменот на меѓународната соработка.
Работни задачи:	- учествува во комуникацијата со меѓународни организации од земјата и од странство со цел договорање и координација на активности за соработка; - учествува во комуникацијата со државни органи, институции и други правни лица од земјата и од странство со цел координација и организирање студиски патувања и обуки; - учествува во подготовката на плановите и програмите за соработка со меѓународни организации; - учествува во организацијата на меѓународни настани; - учествува во реализацијата на активности и настани од доменот на мегународната соработка; - подготвува писма, записници и белешки од состаноците на Дирекцијата од доменот на соработката со меѓународните организации од земјата и од странство;

	- извршува работни задачи во планирањето, организацијата и спроведувањето на програмата за работа на Одделението; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара непосредно пред раководителот на Одделението и за својата работа одговора во рамките на своите овластувања.

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, мегународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации	
Реден број	10.
Шифра	ИНС 01 01 Б04 000
Ниво	Б4, Раководен - IV ниво
Звање	Раководител на одделение - Виш инспектор -
Назив на работното место	Раководител на Одделението за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководител на Секторот за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, мегународна соработка и за инспекциски надзор
Вид на образование	(правни науки, одбрана или науки за книжевноста);
Други посебни услови	Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА"; - три години работно искуство во областа на безбедноста на класифицирани информации; - положен стручен испит за инспектор за класифицирани информации -три години работно искуство во областа на безбедноста на класифицираните информации

Работни цели:	Раководење со Одделението, вклучувајки организација, насочување и координација на работата на Одделението, вршењето инспекциски надзор над Законот за класифицирани информации, други закони и прописи кои содржат одредби за заштита на класифицирани информации.
Работни задачи:	- раководи и ја организира работата во Одделението, распоредува задачи на вработените во Одделението, врши нивно насочување, следење, непосредна контрола и надзор на работата; - подготвува предлог - план за работа на Одделението и се грижи за реализирање на планот за работа; - изготвува информации од областа на извршениот инспекциски надзор и Извештај за работата во изминатата година и подготвува предлог Годишна програма и Месечни планови за вршење на инспекциски надзор во тековната година. - учествува во подготовката на предлог актите поврзани со инспекцискиот надзор и другите акти што се однесуваат на заштита на класифицираните информации; - води евиденции за движењето на предметите за инспекциски надзори и евиденции за поднесените барања за постапување по вонреден инспекциски надзор. - води евиденции за прекршочната постапка; - води инспекциска документација за извршените инспекциски надзори и статистика за извршените инспекциски надзори; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања;

Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедност на класифицирани информации	
Реден број	11
Шифра	ИНС 01 01 В01 000
Ниво	В 1, Стручен I ниво
Звање	Советник инспектор
Назив на работното место	Советник инспектор за безбедност на класифицирани информации
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководител на Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедност на класифицирани информации
Вид на образование	(правни науки, одбрана, безбедност или економски науки);
Други посебни услови	- Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" - три години работно искуство во областа на безбедноста на класифицирани информации - положен стручен испит за инспектор за класифицирани информации
Работни цели:	Врши непосреден инспекциски надзор во поглед на примената на одредбите од Законот за класифицирани информации и другите закони и прописи што содржат одредби за заштита на класифицираните информации
Работни задачи:	– врши непосреден инспекциски надзор во поглед на примената на одредбите од Законот за класифицирани информации и другите закони и прописи што содржат одредби за заштита на класифицираните информации – подготвува акти, известувања, записници, решенија и други писмена поврзани со вршењето на инспекцискиот надзор; – поднесува барања за поведување прекршочна постапка и помага во водењето евиденции за прекршочната постапка; – изготвува информации од областа на извршениот инспекциски надзор, Извештај за работата за изминатата година и учествува во подготовка на Предлог Годишна програма и Месечни планови за вршење на инспекциски надзор во тековната година; – води евиденции за поднесените барања за утврдување на повреда на прописите за заштита на класифицираните информации и за иницијативите за вршење на инспекциски надзор; – прибира и организира податоци, информации и документи потребни при инспекцискиот надзор и води евиденции за движењето на предметите во инспекцискиот надзор;

	– се грижи за уредноста на евиденциите за поднесените барања за утврдување на повреда на прописите за заштита на класифицираните информации и за иницијативите за вршење на инспекциски надзор; – прибира и организира податоци, информации и документи при инспекцискиот надзор и води евиденции за движењето за движењето на предметите во инспекцискиот надзор; – подготвува предлог акти, предлог записници, предлог решенија и други предлози поврзани со инспекцискиот надзор и води инспекциска документација за извршените инспекциски надзори; – води евиденција за управна статистика за предмети кои се однесуваат за извршените инспекциски надзори и изработува извештаи, како и води статистика за извршените инспекциски надзори и изработува извештаи; – ги следи и применува прописите за заштита на класифицираните информации и упатства и правила, следи стручна литература; – исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае“ – за својата работа одговара во рамките на своите овластувања

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедност на класифицирани информации	
Реден број	11а
Шифра	ИНС 01 01 В04 000
Ниво	В4, Стручен IV ниво
Звање	Помлад инспектор
Назив на работното место	Помлад инспектор за безбедност на класифицирани информации
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедност на класифицирани информации
Вид на образование	(правни науки, одбрана, безбедност или економски науки)
Други посебни услови	– поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО” – положен стручен испит за инспектор за класифицирани информации

Работни цели:	Спроведување на наједноставни рутински работи како поддршка на одредени функции кои се однесуваат на инспекцискиот надзор, под контрола и надзор на раководителот на Одделението.
Работни задачи:	– учествува и помага во прибирањето и организирањето на податоци, информации и документи кои се потребни при вршењето на инспекцискиот надзор; – врши подготвителни активности за донесување на предлог акти, предлог записници, предлог решенија и други писмена поврзани инспекцискиот надзор; – помага во подготовката на предлог Годишната програма и предлог кварталните и месечни планови за вршење на инспекциски надзор и води евиденции за движењето на предметите во инспекцискиот надзор; – учествува и помага во изготвувањето на документацијата од извршените инспекциски надзори како и од периодичните и годишните извештаи за работата на одделението; – се грижи за уредноста на евиденциите за поднесените барања за утврдување на повреда на прописите за заштита на класифицираните информации и за иницијативите за вршење на инспекциски надзор; – учествува во подготвувањето на предлог барања за поведување прекршочна постапка и помага во водењето евиденции за прекршочната постапка; – помага во водењето и ажурирањето на инспекциската документација за извршените инспекциски надзори, водењето статистика за извршените инспекциски надзори и изработувањето на извештаи; – редовно ја следи законодавната регулатива од областа на работата на Одделението, вклучувајќи го и следењето на стручна литература од истата област; – исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае“ – за својата работа одговара во рамките на своите овластувања

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол	
Реден број	14.
Шифра	УПР 0101 Б04 000
Ниво	Б4, Раководен - IV ниво
Звање	Раководител на Одделение

Назив на работното место	Раководител на Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол
Број на извршители	1.
Одговара пред:	Раководителот на Секторот за општи и правни работи, за подддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор
Вид на образование	(политички науки, науки за книжевноста и одбрана);
Други посебни услови	- поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО"; - најмалку две години искутво во областа на безбедноста и класифицирани информации;
Работни цели:	Раководење со работата на Одделението, за работи поврзани со Владата на РСМ, Собранието на РСМ и другите државни органи и протокол.
Работни задачи:	- раководи со Одделението, ги организира и ги координира работите во Одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување; - ги извршува најсложените работи и задачи од делокругот на Одделението; - ги распоредува работите и задачите на вработените во Одделението и им дава насоки за нивно извршување; - се грижи за навремено следење и подговување на материјалите за седници на Владата на РСМ и Собранието на РСМ и учествува во работата на работните тела на Владата на РСМ кога за тоа е овластен. - комуницира и соработува со другите државни органи и ја организира комуникацијата и службената преписка за потребите на директорот; - организира и закажува состаноци и приеми на директорот во државата и во странство и ги планира, организира активностите поврзани со настани од јавен и затворен карактер; - се грижи за уредна примена на процедури на работните состаноци на директорот, како и други протоколарни работи;

	- планира развивање и обединување на политиките во рамките на делокругот на одделението, - ја изготвува Годишната програма за работа, Годишниот извештај за работата на Дирекцијата, Стратешкиот план на Дирекцијата и други стратешки документи; - одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите кои се вршат во одделението - подготвува извештаи за работа и предлага стручно усовршување на вработените во Одделението; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања.

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, мегународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол	
Реден број	15.
Шифра	УПР 0101 В01 000
Ниво	В 1, Стручен - I ниво
Звање	Советник
Назив на работното место	Советник за работи поврзани со органите на државната власт, други институции и организации
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол
Вид на образование	(безбедност, науки за книжевноста и одбрана)
Други посебни услови	- поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО"

Работни цели:	Самостојно извршување на сложени работи и задачи кои се вршат во рамките на надлежноста на одделението. Поддршка на сите активности поврзани со Владата на РСМ, Собранието на РСМ и другите државни органи, како и активностите поврзани со протокол
Работни задачи:	- самостојно извршува сложени работи и задачи од делокругот на работата на Одделението, по упатство и надзор од раководителот на Одделението; - ги извршува работите и задачите од делокругот на Одделението што се однесуваат на примањето на материјалите за и од седниците на Владата на Република Северна Македонија и нејзините тела; - ја следи реализацијата на програмите за работа на Владата на РСМ и на Собранието на РСМ; - ги распоредува по организациони облици примените материјали, по овластување на директорот; - изготвува записници, мислења и ставови по материјалите за седниците на Владата на РСМ, како и за останатите државни органи; - се грижи за навремено доставување во пропишана форма на материјалите за седниците на Владата на РСМ и ги следи редовно дневните активности на Владата на РСМ, Собранието на РСМ, и истите ги известува претпоставените и надлежните организациони облици. - помага во оранизирање и закажување состаноци и приеми кај директорот и се грижи за уредна примена на процедури на работните состаноци; - континуирано ги следи прописите во врска со областа во којашто работи; - учествува во работни тела на мегуинституционална соработка во рамките на надлежностите на Дирекцијата и изготвува извештаи и службени белешки; - ја подготвува Годишната програма за работа, Годишниот извештај за работата на Дирекцијата, Стратешкиот план на Дирекцијата и други стратешки документи, програми и планови на Дирекцијата;

	исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае“ - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол	
Реден број	15 а
Шифра	УПР 01 01 В01 000
Ниво	В 1 , Стручен - I ниво
Звање	Советник
Назив на работното место	Советник – преведувач од македонски на албански јазик и обратно
Број на извршители	1.
Одговара пред:	Раководителот на Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол
Вид на образование	(безбедност, науки за книжевноста и одбрана)
Други посебни услови	Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО”;
Работни цели:	Самостојно извршува работи кои се однесуваат на писмен превод на документи и материјали од македонски на албански јазик и обратно.
Работни задачи:	- самостојно врши превод на материјали што се доставуваат до други органи, организации и . установи, а кои се преведуваат од македонски на албански јазик и обратно. - самостојно врши превод на законските и подзаконските текстови кои се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а кои се преведуваат од македонски на албански јазик и обратно.

	- самостојно врши превод на материјалите што се подготвуваат во рамките на Дирекцијата, а кои се за интерна употреба и за кои е потребен превод од македонски на албански јазик и обратно. - самостојно врши превод на публикации, билтени и друга стручна литература што се создава во Дирекцијата, а кои потребно е да се преведат од македонски на албански јазик и обратно. - самостојно врши ажуриран превод на WEB страницата на Дирекцијата од македонски на албански јазик. - самостојно врши преведување на дописи, писма, претставки и др. кои до Дирекцијата се доставени од припадници на албанската заедница во Република Северна Македонија и во кои тие бараат одговор на албански јазик. - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно степенот на класификација „Доверливо"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања;

Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор	
Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол	
Реден број	16.
Шифра	УПР 01 01 Г01 000
Ниво	Г 1 , Помошно-стручен I ниво
Звање	Самостоен референт
Назив на работното место	Самостоен референт - економ
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол

Вид на образование	Вишо/средно образование (гимназија, електротехника, технологија или машинство)
Други посебни услови	Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО";
Работни цели:	Обезбедување континуирана грижа за исправноста на материјално-техничките средства, електричната и водоводната инсталација и за имотот на Дирекцијата, водење евиденција за материјално - техничките средства и за возниот парк на Дирекцијата.
Работни цели:	Самостојно извршување на сложени работи и задачи во областа на крипто – комуникацијата со КИС и средствата за процесирање на класифицирани информации.
Работни задачи:	- Самостојно извршува сложени задачи во функција на давање на подршка на крипто-комуникацијата на Централниот регистар во Дирекцијата со мрежата на регистри и контролни точки. - активно учествува во промената на крипто клучевите низ регистрите. - континуирано ги следи прописите и унапредувањето на технологиите кај криптографските уреди. - учествува на состаноци со надлежните авторитети за дистрибуција на крипто – клучеви и изготвува службени белешки и записници. - за својата работа одговара непосредно пред Раководителот на Одделението. - исполнува работи и работни задачи согласно принципот „потребно е да знае" -предлага мерки и активности за унапредување на работата на Одделението. - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања.

Сектор за информатичка и за физичка безбедност	
Одделение за безбедносна акредитација на комуникациско информатички системи и за комуникациско-информатичка поддршка	
Реден број	38.
Шифра	УПР 0101Г01000
Ниво	Г4, Помошно-стручен IV ниво
Звање	Помлад референт
Назив на работното место	Помлад референт за безбедносна акредитација
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководител на одделение за безбедносна акредитација на комуникациско информатички системи и комуникациско - информатичка поддршка
Вид на образование	„Вишо/средно образование (гимназија, економија, право или електротехника)
Други посебни услови	- Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА";
Работни цели:	Врши административно технички и оперативни работи од надлежност на Одделението.
Работни задачи:	- Помага во вршењето прием, евиденција, репродукција и чување на класифицираните информации сврзани со безбедносната акредитација на информатичките и комуникациските системи и средства низ кои се процесираат класифицирани информации. - помага во изработката на техничка документација и евиденција за субјектите кадешто се врши безбедносната акредитација на информатичките и комуникациските системи; - изготвува пропратна документација во доменот на работата на Одделението; - учествува во архивирање и уништување на класифицираните информации согласно предвидените прописи; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања.

Сектор за информатичка и за физичка безбедност	
Одделение за физичка безбедност	
Реден број	39.
Шифра	УПР 0101 БО4 000
Ниво	Б4, Раководен - IV ниво
Звање	Раководител на одделение
Назив на работното место	Раководител на одделение за физичка безбедност
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на Сектор за информатичка и физичка безбедност
Вид на образование	(телекомуникациско-информатички студии, одбрана и безбедност);
Други посебни услови	- поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА"; - најмалку една година работно искуство во државна служба на безбедносни прашања класифицирани информации
Работни цели:	Раководење со работата на одделението во доменот на физичката безбедност на НАТО/ЕУ и други странски и национални класифицирани информации организирање и координирање на работите и задачите на Одделението, изработка на проценка на безбедносен ризик за класифицираните информации во Дирекцијата, следење на извршувањето на добиените работи и задачи во Одделението, предлагање преземање активности и мерки за непречена работа на одделението од доменот на физичката безбедност на класифицираните информации.
Работни задачи:	- раководи и ја организира, насочува и координира работата во Одделението во доменот на физичката безбедност на НАТО/ЕУ и други странски и национални класифицирани информации и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите;

	- дава стручна помош од доменот на физичката безбедност на НАТО/ЕУ и другите странски и национални класифицирани информации и проценка на безбедносен ризик за истите; - изготвува предлог-програма за работата на Одделението, поднесува извештај за реализација на програмата за работа на одделението и ја оценува работата на државните службеници во Одделението; - врши анализа, оценување проценување на прашањата и проблемите кои се појавуваат во одделението и предлага мерки за подобрување на работата; - по овластување на директорот на Дирекцијата, врши инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите од Законот за класифицирани информации и другите пописи од областа на физичката безбедност и проценката на безбедносен ризик на класифицираните информации; - учествува во планирањето и остварувањето на мегународната соработка на Дирекцијата во доменот на физичката безбедност на НАТО/ЕУ и други странски и национални класифицирани информации со странски органи и организации; - се грижи за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во Одделението; - спроведување и одржување на системот за управување со квалитет, координирање на процесот на воведување на стандардите и инструментите за управување со квалитет во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, согласно стандардот ISO9001; - дава стручна и експертска помош во работата на инспекгорите класифицирани информации; - исполнува работи и работни задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае" - за својата работа одговара на раководителот на Сектор во рамките на своите овластувања;

Сектор за информатичка и за физичка безбедност	
Одделение за физичка безбедност	
Реден број	40.
Шифра	УПР 0101 В04 000
Ниво	В4 Стручен - IV ниво
Звање	Помлад соработник
Назив на работното место	Помлад соработник за физичка безбедност
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на Одделението за физичка безбедност
Вид на образование	(безбедност, одбрана или економски науки)
Други посебни услови	Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА";
Работни цели:	Вршење на наједноставни рутински работи и задачи во доменот на физичката безбеност на класифицирани информации
Работни задачи:	- врши подготовка и обезбедува поддршка во процесот на изготвување на документи и методологија за вршење на проценката на физичката безбедност на НАТО/ЕУ и други странски и национални КИ - помага во активности за контрола на системите за физичка безбедност инсталирани во Дирекцијата, а кои се наменета за заштита на странските и националните КИ кои се чуваат во ДБКИ, и превзема соодветни мерки за доведување во исправна состојба на истите. - помага во предлагањето мерки за физичка и техничка заштита на објектите и просториите во кои се ракува со КИ - помага при редовното прегледување на видео записите од системот за мониторинг поставен во ДБКИ - континуирано ги следи националните, НАТО, ЕУ и други меѓународни прописи во врска со безбедносните критериуми и процедури за физичка безбедност на класифицираните информации - обезбедува поддршка во текот на процесот на подготвување, изменување и дополнување

	на законот, подзаконските акти и интерните акти од доменот на работата на Одделението - интервенира при нарушување на безбедноста на класифицираните информации во објектите на ДБКИ - подготвува дописи и врши други работи на коресподенција со органите на државната управа, како и друга документација поврзана со работите на Одделението - врши тековни координации со внатрешното обезбедување во ДБКИ - Обезбедува поддршка при подготвувањето на планот за работа на Одделението - прибира податоци и врши подготвителни активности за изработка на материјалите кои се однесуваат на физичката безбедност на НАТО, ЕУ и другите странски и национални КИ, а се подготвуваат во Одделението - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања;

Сектор за информатичка и за физичка безбедност	
Одделение за физичка безбедност	
Реден број	41.
Шифра	УПР 0101 В04 000
Ниво	В4 Стручен - IV ниво
Звање	Помлад соработник
Назив на работното место	Помлад соработник за проценка на ризик
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на Одделението за физичка безбедност
Вид на образование	(кинезиологија, одбрана или економски науки)
Други посебни услови	Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА";
Работни цели:	Вршење на наједноставни рутински работи и задачи во доменот на проценка на ризикот;

Работни задачи:	- учествува во подготовки, прибирање информации обезбедува целосна поддршка во изготвувањето на проценката на физичката безбедност и безбедносниот ризик исполнувањето на заштитните мерки на локациите кои се предлагаат за чување на класифицирани информации; - помага во активности за контрола на системите за физичка безбедност инсталирани во Дирекцијата согласно направената проценка на ризик, а кои се наменета за заштита на странските и националните КИ кои се чуваат во ДБКИ, и превзема соодветни мерки за доведување во исправна состојба на истите; - помага во предлагањето мерки за физичка и техничка заштита на објектите и просториите во кои се ракува со КИ од аспект на проценката на ризик; - учествува во редовното прегледување на видео записите од системот за мониторинг поставен во ДБКИ; - континуирано ги следи националните, НАТО, ЕУ и други мегународни прописи во врска со безбедносните критериуми и процедури за физичка безбедност на класифицираните информации од делокругот на работата; - обезбедува поддршка во текот на процесот на подготвување, изменување и дополнување на законот и подзаконските акти и интерните акти од доменот на работата на одделението согласно проценките на ризик по безбедностана КИ; - во случај на нарушување на безбедноста на класифицираните информации во објектите на ДБКИ, интервенира согласно пропишаните процедури во Одделението; - поодготвува дописи и врши други работи на коресподенција со органите на државната управа од делокругот на работата на Одделението, како и друга документација за потребите на Одделението; - врши тековни координации со внатрешното обезбедување во ДБКИ за сите воочени ризици; - помага во изработката на безбедносни проценки безбедносни планови за физичка и техничка заштита на објектите; - прибира податоци и врши подготвителни активности за изработка на материјалите кои

	се однесуваат на физичката безбедност на НАТО, ЕИ и другите странски и национални КИ; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања;

Надвор од Секторите	
Одделение за финансиски прашања	
Реден број	42.
Шифра	УПР 0101 Б04 000
Ниво	Б4, Раководен — IV ниво
Звање	Раководител на одделение
Назив на работното место	Раководител на Одделение финансиски прашања
Број на извршители	1.
Одговра пред	Директорот на Дирекцијата
Вид на образование	- Економски науки;
Други посебни услови	Поседување на безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО“
Работни цели:	Раководење со работата на Одделението, организирање и координирање на работите и задачите на одделението, следење на извршувањето на добиените работи и задачи во Одделението, предлагање и преземање активности и мерки за непречена работа на одделението од доменот на финансиите и финансиските прашања и следењето и контрола на финансиската состојба
Работни задачи:	- непосредно ги врши многу сложените работи и задачи во Одделението сврзани со контрола на буџетот (контрола на подготвка извршувањето на буџетот), ex-ante финансиска контрола и контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор на целокупниот процес на внатрешното управување и контрола); - го координира процесот за подготвување и изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на Дирекцијата; - го координира процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола;

	- го координира процесот на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот и подготвувањето на годишна сметка и годишниот финансиски извештај; - задолжително дава мислење по предлогот на актите што ги изготвуваат другите организациони единици во субјектот и предлгот на актите на други субјекти кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на Дирекцијата; - спроведува заштита на средствата и обврските чија вредност евидентирана во билансот на состојба; - остварува редовни контакти со раководителите на Секторите и Одделенијата, разменувајќи со нив информации за работата; - изготвува финансиски план за извршувањето на буџетот (месечен, квартален и годишен) за Дирекцијата; - подготвува пишани упатства и инструкции за вршењето на работите во Дирекцијата; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања

Надвор од Секторите	
Одделение за финансиски прашања	
Реден број	42а
Шифра	УПР 0101 В01 000
Ниво	В1, Стручен - I ниво
Звање	Советник
Назив на работното место	Советник за буџетска координација
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководител на Одделение за финансиски прашања
Вид на образование	(Економски науки, организациони науки и менаџмент)

Други посебни услови	Поседување на безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО“
Работни цели:	Спроведување на одредени функции од делокругот на Одделението и предлагање и преземање активности и мерки за непречена работа на Одделението од доменот на финансиите и финансиските прашања и следењето и контролата на финансиската состојба, како и управување со одредени функции од делокругот на Одделението за прашања од областа на процесите за реализација на буџетската координација.
Работни задачи:	- врши подготвителни активности за изработка на материјалите кои се подготвуваат во Одделението во делот на процесите за реализација на буџетската координација. - подготвува информации, записници, белешки, потсетници, резимеа, статистички извештаи и други едноставни материјали поврзани со активностите и надлежностите на Одделението за делот кој зе однесува на буџетската координација. - континуирано ја следи законодавната регулатива од областа на буџеткото работење. - учествува при подготвувањето на планот за воспоставување на финансиско управување и контрола, како и методологијата за спроведување на планот кои ги одобрува раководителот на субјектот. - прибира податоци за материјалите и врши активности за изработка на материјалите кои се подготвуваат во Одделението. - води прегледи, матрици и бази на податоци - обезбедува поддршка при подготвувањето на Годишниот финансиски извештај согласно одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола - помага при подготовка на месечен и годишен извештај за работата на Одделението - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања.

Надвор од секторите	
Одделение за финансиски прашања	
Реден број	43.
Шифра	УПР 0101 В04 000
Ниво	В4, Стручен IV ниво
Звање	Помлад соработник
Назив на работното место	Помлад соработник за буџетска координација
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на одделение за финансиски прашања
Вид на образование	(економски науки, менаџмент и одбрана)
Други посебни услови	Поседување на безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО";
Работни цели:	Спроведување на наједноставни рутински работи и задачи како поддршка на одредени функции од делокругот на Одделението за прашањата од областа на процесите за реализација на буџетската координација.
Работни задачи:	- врши подготвителни активности за изработка на материјалите кои се подготвуваат во Одделението во делот на процесите за реализација на буџетската координација; - обезбедува поддршка во текот на процесот за подготвување, изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на Дирекцијата; - подготвува информации записници, белешки, потсетници, резимеа, статистички извештаи и други едноставни материјали поврзани со активностите и надлежностите на одделението за делот кој се однесува на буџетската координација; - изготвува налози за денарски и девизни плаќања и редовно ја следи законодавната регулатива од областа на буџетското работење;

	- обезбедува поддршка при подготвувањето на планот за воспоставување на финансиското управување и контрола како и методологијата за спроведување на планот кои ги одобрува раководителот на субјектот; - прибира податоци за материјалите и врши подготвителни активности за изработка на материјалите кои се подготвуваат во Одделението; - води прегледи, матрици и бази на податоци; - обезбедува поддршка при подготвувањето на Годишниот финансиски извештај согласно одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања;

Надвор од секторите	
Одделение за финансиски прашања	
Реден број	44.
Шифра	УПР 0101 Г01 000
Ниво	Г 1, Помошно-стручен I ниво
Звање	Самостоен референт
Назив на работното место	Самостоен референт - благајник
Број на извршители	1.
Вид на образование	„Вишо/средно образование (гимназија или економија)"
Одговара пред	Раководителот на одделение за финансиски прашања
Други посебни услови	Поседување на безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО"

Работни цели:	Спроведување на стручно-оперативни работи поврзани со надлежностите на Одделението во областа на благајничко работење: контрола на документација за готовински трансакции, уплати и исплати и нивна евиденција, подготовка на патни налози и слично.
Работни задачи:	- го води благајничкото работење и сите уплати и исплати и ги книжи во книгата на благај ната; - ја предлага висината на благајничкиот максимум; - подига готови пари за намирување на патни налози, готовински сметки, за ситни набавки на материјали и слично; - врши нивна исплата и ги евидентира во книгата на благајната; - ја организира работата на благајната извршува контрола на законитост, точноста и на исправноста на книговодствените исправи и на други парични документи во врска со благајничното работење; - одговара за исправноста благајничното работење, ги применува прописите на благајничкиот максимум, ги предава благајничките документи со книгата на благајната и сметководството во определениот рок и се грижи за обезбедување на готови пари, на девизни средства и за навремено предавање на паричните документи и на налозите во депонентната банка; - составува благајнички налози и други исправи во врска со благајничкто работење, извршува прием и ракува со готовите пари; - подготвува потврди за висината на платите на вработените, по нивно барање извршува пресметување и плаќање на обврските што се на товар н личните и на материјалните расходи. - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања.

Надвор од секторите	
Одделение за управување и развој на човечки ресурси	
Реден број	45.
Шифра	УПР 0101 Б04 000
Ниво	Б4, Раководен — IV ниво
Звање	Раководител на одделение
Назив на работното место	Раководител на Одделението за управување и развој на човечки ресурси
Број на извршители	1.
Одговара пред	Директорот на институцијата
Вид на образование	(организациони науки, правни науки, и безбедност)
Други посебни услови	Поседување на безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО";
Работни цели:	Управување со функционирањето на секојдневното работење на Одделението за управување и развој на човечки ресурси и спроведување на надлежностите во следните функционални области: развој на органот, информативен систем за човечки ресурси, односи помеѓу вработените, обука и развој, мотивација, организациски развој и вработување.
Работни задачи:	- раководи и ја организира, насочува и се грижи за спроведување на постапката за вработување во Дирекцијата и изработката на решенија кои произлегуваат од областа на работните односи; -ја организира подготовката и реализацијата на планот за обука на вработените; - ја организира подготовката на план за правична застапеност во Дирекцијата и се грижи за неговото спроведување; - се грижи за спроведување на системот на оценување на државните службеници; - ја обезбедува стручната поддршка за водењето на дисциплинските постапки;

	- учествува на состаноци на мрежата на Одделенијата за управување со човечки ресурси; - врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите од Одделението и одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите кои се вршат во Одделението; - ги распоредува работите и задачите на вработените и дава насоки за вршењето на работите од делокруг на Одделението; - се грижи за стручното усовршување на вработените во Одделението и дава предлози за Годишниот план за обука на Дирекцијата и за упатување на обука; - дава месечен извештај за вршењето на неговата работа; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања;

Надвор од Секторите	
Одделение за управување и развој на човечки ресурси	
Реден број	46.
Шифра	УПР 0101 В01 000
Ниво	В 1 , Стручен - I ниво
Звање	Советник
Назив на работното место	Советник за координација на човечки ресурси
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на Одделението за управување и равој на човечки ресурси
Вид на образование	(правни науки, организациони науки и управување и одбрана)

Други посебни услови	Поседување на безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО";
Работни цели:	Спроведување на одредени функции од делокругот на одделението и самостојно извршување на најсложени работи поврзани со управувањето и развојот на човечки ресурси.
Работни задачи:	- ги проверува нацрт-описите на работните места; - го пишува Предлог-Правилникот за систематизација на работните места на Дирекцијата - по овластување членува во Комисијата за вработување на државните службеници; - ги изработува прашањата за посебниот дел од стручниот и приправничкиот испит. - изработува акти согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за работни односи; - пишува одговори на второстепениот орган кога постојат жалби и приговори на државните службеници; - дава стручни мислења и појаснувања во врска со работите од надлежност на Одделението; - изработува анализи и информации и други материјали; - подготвува месечен и седмичен извештај за работата на Одделението - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања

Надвор од Секторите	
Одделение за управување и развој на човечки ресурси	
Реден број	46а
Шифра	УПР 0101 В01 000
Ниво	В04 стручен - IV ниво
Звање	Помлад соработник
Назив на работното место	Помлад соработник за координација со човечки ресурси
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на Одделението за управување и развој на човечки ресурси
Вид на образование	(правни науки, организациони науки и управување и безбедност)
Други посебни услови	Поседување на безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО";
Работни цели:	Спроведување на одредени функции од делокругот на Одделението и помагање при извршување на работите поврзани со управувањето и развојот на човечките ресурси.
Работни задачи:	- учествува при проверката на нацрт описите на работните места. - учествува при изработката на Предлог Правилникот за систематизација на работните места. - по овластување членува во Комисија за вработување на административните службеници. - помага во изработката на прашања за посебниот дел од стручниот и приправничкиот испит. - помага во изработување на акти согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници и Законот за работни односи. - зема учество во грижата за целокупната документација на Дирекцијата која се однесува на персоналните досиеја на

	вработените и други евиденции од работен однос. - ги врши работите за издавање на здравствени легитимации, учествува во оформување на персоналните досиеја на вработените во Дирекцијата. - учествува во подготовка на месечен и седмичен извештај за работата на Одделението. - исполнува работи и работни задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да се знае“ - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања

Надвор од секторите	
Одделение за управување и равој на човечки ресурси	
Реден број	47.
Шифра	УПР 0101 Г01 000
Ниво	Г1, Помошно-стручен I ниво
Звање	Самостоен референт
Назив на работното место	Самостоен референт за персонална евиденција
Број на извршители	2.
Одговара пред	Раководителот на Одделението управување и развој на човечки ресурси
Вид на образование	„Вишо /средно образование, (гимназија, право или економија)“
Други посебни услови	Поседување на безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО“;
Работни цели:	Спроведување на административно технички и оперативни работи од надлежност на Одделението во функција на подготовка и ажурирање на персоналните досиеа на вработените на Дирекцијата, собирање на потребна документација за изработка на плати, за боледување, отуства и друго.

Работни задачи:	- зема учество во грижата за целокупната документација на Дирекцијата која се однесува на персоналните досиеа на вработените и други евиденции од работен однос; - ги врши работите за издавање на здравствени легитимации, ги собира документите од боледувањето, води евиденција за отсуства од работа на вработените во Дирекцијата; - соработува со надлежната служба за подготвување на платите и другите надоместоци за плата; - се грижи за евидентирање, архивирање и документација на материјалите од надлежност на Одделението. - врши оперативни работи во врска со бази на податоци и други стручно административни работи од надлежност на Одделението; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - дава месечен и седмичен извештај за вршењето на неговата работа; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања;

Член 12

Согласно Одлуката за определување на бројот на регистри и контролни точки во министерствата, другите органи на државната управа и други државни органи донесена од Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 82 од 19 ноември 2004 година) и Одлуката за изменување на Одлуката за определување на бројот на регистри и контролни точки во министерствата, другите органи на државната управа и други државни органи донесена од Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 231/2015), Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации со свои вработени ги исполнува предвидените обврски во Мисиите на Република Северна Македонија при НАТО и ЕУ во Брисел преку Регистарот за НАТО и ЕУ класифицирани информации при Мисиите на Република Северна Македонија во НАТО и ЕУ во подолунаведениот табеларен приказ на Регистарот.

Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на Република Северна Македонија во НАТО и ЕУ	
Реден број и шифра	1. УПР 0101 В04 000
Ниво	Б4, Раководен — IV ниво
Звање на работното место	Раководител на одделение
Назив на работното место	Раководител на Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на РСМ во НАТО и ЕУ
Број на извршители	1.
Одговара пред	Директорот на Дирекцијата
Вид на образование	Високо, стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/I степен (правни науки, одбрана, безбедност или економски науки)
Други посебни услови	- поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА" и безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" НАТО/ЕУ; - најмалку четири години работно искуство во струката, од кои три во државна служба на безбедносни прашања и класифицирани информации - валидизирано познавање на англиски јазик и работа со компјутери.
Работни цели:	Раководење со работата на Одделението, организирање и координирање на работите и задачите на Одделението, следење на извршувањето на добиените работи и работни задачи во Одделението, предлагање и преземање активности и мерки за непречена работа на Одделението од доменот на размената, заштитата и преносот на странските класифицирани информации, учество во работни тела на НАТО/ЕУ во доменот на дејноста на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

Работни задачи:	- раководи и ја организира, насочува и координира работата во одделението и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - изготвува предлог-програма за работата на Одделението, поднесува извештај за реализација на програмата за работа и ја оценува работата на државните службеници во Одделението; - врши анализа, оценување и проценување на прашањата и проблемите кои се појавуваат во Одделението и предлага мерки за подобрување на работата; - по овластување на директорот на Дирекцијата, учествува во работни тела на НАТО/ЕУ во доменот на дејноста на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации ; - остварува редовни контакти со раководителите на Секторите и Одделенијата, разменувајки со нив информации за работата; ги спроведува задачите дадени од директорот на Дирекцијата; - учествува во остварувањето на соработка на Дирекцијата со странски органи и организации; -се грижи за работната дисциплина на вработените во Одделението; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара пред директорот во рамките на своите овластувања;

Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на Република Северна Македонија во НАТО и ЕУ	
Реден број и шифра	2. УПР 0101В01 000
Ниво	В 1, Стручен - I ниво
Звање на работното место	Советник
Назив на работното место	Советник за НАТО класифицирани информации во регистарот за НАТО/ЕУ класифицирани информации при мисиите на РСМ во НАТО и ЕУ
Број на извршители	1.
Одговара пред	Раководителот на Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на РСМ во НАТО и ЕУ
Вид на образование	ВСС, стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен (правни науки, одбрана, безбедност или економски науки)
Други посебни услови	- поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ и безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО” НАТО/ЕУ; - најмалку три години работно искуство во струката, од кои две години во државна служба на безбедносни прашања и класифицирани информации, валидизирано познавање на англиски јазик и работа со компјутери.
Работни цели:	Самостојно извршување на сложени работи и задачи во однос на прием, обработка и дисеминација на странските класифицирани информации и вршење на други работни задачи во Регистарот за класифицирани информации при мисијата на РСМ при НАТО

Работни задачи:	- самостојно извршува сложени работи и задачи за дисеминација и распоредување на НАТО и други странски класифицирани информации во Одделението во кое е распореден по упатство и надзор од раководителот на Одделението; - континуирано ги следи националните, НАТО и други меѓународни прописи во врска со областа во којашто работи; - по овластување на директорот на Дирекцијата, учествува во работни тела на НАТО/ЕУ од доменот на работата на Дирекцијата и изготвува соодветни извештаи; - учествува во изборот на архивски материјал и документарна граѓа во регистарот и води евиденции; - предлага мерки за унапредување на работата во Одделението; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања.

Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на Република Северна Македонија во НАТО и ЕУ	
Реден број и шифра	3. УПР 0101 В01 000
Ниво	В 1, Стручен - I ниво
Звање на работното место	Советник
Назив на работното место	Советник за ЕУ класифицирани информации во регистарот за НАТО/ЕУ класифицирани информации при мисиите на РСМ во НАТО и ЕУ
Број на извршители	1.
Одговара пред:	Раководителот на Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на РСМ во НАТО и ЕУ
Вид на образование	ВСС, стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен (правни науки, одбрана, безбедност или економски науки)
Други посебни услови	- поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ и безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО” НАТО/ЕУ; - најмалку три години работно искуство во струката, од кои две години во државна служба на безбедносни прашања и класифицирани информации; - валидизирано познавање на англиски јазик и работа со компјутери;

Работни цели:	Самостојно извршување на сложени работи и задачи во однос на прием, обработка и дисеминација на странските класифицирани информации и вршење на други работни задачи во Регистарот за класифицирани информации при мисијата на РСМ при ЕУ
Работни задачи:	- самостојно извршува сложени работи и задачи за дисеминација и распоредување на ЕУ и други странски класифицирани информации во Одделението во кое е распореден по упатство и надзор од раководителот на Одделението; - континуирано ги следи националните, НАТО и други меѓународни прописи во врска со областа во којашто работи; - по овластување на директорот на Дирекцијата, учествува во работни тела на НАТО/ЕУ од доменот на работата на Дирекцијата и изготвува соодветни извештаи; - учествува во изборот на архивски материјал и документарна граѓа во Регистарот и води евиденции; - предлага мерки за унапредување на работата во Одделението; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања.

Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на Република Северна Македонија во НАТО и ЕУ	
Реден број и шифра	4. УПР 0101 В01 000
Ниво	В4, Стручен IV ниво
Звање на работното место	Помлад соработник
Назив на работното место	Помлад соработник за дисеминација за НАТО и ЕУ класифицирани информации
Број на извршители	1.
Одговара пред:	Раководителот на Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на РМ во НАТО И и ЕУ
Вид на образование	- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или VII/1 степен високо образование; (правни науки, безбедност, одбрана или економски науки)
Други посебни услови	- поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ и безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО” НАТО/ЕУ; - валидизирано познавање на англиски јазик и работа со компјутери;
Работни цели:	Вршење на наједноставни рутински работи и задачи како поддршка на одредени функции од доменот на размена на класифицирани информации мегу Република Северна Македонија, НАТО/ЕУ и други странски земји или мегународни организации, а во согласност со општите упатства на раководителот на Одделението и под негов надзор.

Работни задачи:	- врши подготвителни активности за изработка на материјалите кои се подготвуваат во Одделението, а се однесуваат на размената на класифицираните информации помеѓу Република Северна Македонија, НАТО/ЕУ и друга странска земја или меѓународна организација; - помага во изготвување на пропратни акти за НАТО и ЕУ класифицираните информации; - обезбедува поддршка во текот на процесот за подготвување, изменување и дополнување на законот и подзаконските акти од доменот на работата на Одделението; - редовно ја следи националната законодавна регулатива од доменот на класифиицраните информации, ЕУ, НАТО и другите меѓународни прописи во врска со областа во која што работи; - помага при подготвувњето на планот за работа на Одделението; - помага во подготвувањето на интерните акти на Дирекцијата; - помага во подготвувањето на интерните акти на Дирекцијата; - исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае"; - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и во постапка како за неговото донесување.

Член 14

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации бр.01-283/1 од 19.08.2016 година, бр.01-283/7 од 29.09.2016 година, 01-70/2 од 31.01.2018 година, бр.01-188/1 од 20.03.2018 година, бр.01-188/1 од 20.03.2018 година, бр.01-188/4 од 16.05.2018 година, бр.01-186/2 од 13.03.2019 година, бр.01-186/6 од 22.04.2019 година, бр.04-186/12 од 18.07.2019 година, бр.01-186/16 од 06.12.2019 година, бр.01-294/3 од 09.12.2020 година, бр.01-8/1 од 05-01/2021 година, бр.01-559/1 од 28.05.2021 година, бр.01-311/1 од 08.04.2022 година, бр.01-631/1 од 31.08.2022 година и бр. 01-835/1 од 09.11.2022 година

Член 15

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

15.02.2023 година

в.д. ДИРЕКТОР
Стојан Славески